Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11и123/12), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 27.02.2013 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка се определуваат следните: Општина Крива Паланка, Министерство за животна средина и просторно планирање.
3. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка, за чија изработка е одговорено позитивно, а го донесува Градоначалникот на општината, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз водите, влијание врз биодиверзитетот и влијание врз почвата.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општината Крива Паланка на следната веб адреса:**www.krivapalanka.gov.mk.**
6. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-646/1 од 27.02.2013
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл. Правник Арсенчо Алексовски